Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 51 ѓ став 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 57-та седница одржана на 31.10.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за престанок на дневната обврска на поддржувачот на ликвидноста**

1. Во Одлуката за престанок на дневната обврска на Македонска берза АД Скопје бр.02-1115/1 од 30.06.2011 година се менува точка 1 и истата гласи:

   „Исполнувањето на обврската на поддржувачот на ликвидноста за поединечна хартија од вредност се смета дека е реализирана и пред истекот на минималната временска застапеност, во случај кога кумулативно ќе бидат исполнети следните два услови:

   - ако поддржувачот на ликвидноста остварил дневен промет со хартијата од вредност која е предмет на договор за поддржување на ликвидноста поголем од 25% од просечниот дневен промет на хартијата од вредност во последните шест месеци (без блок трансакции) и
   - ако поддржувачот на ликвидноста остварил дневен промет со хартијата од вредност која е предмет на договор за поддржување на ликвидноста во износ еднаков или поголем од 12.500,00 денари.

2. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а се применува од првото следно утврдување на ликвидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи, согласно Одлуката за утврдување на критериумите и ликвидните нивоа за распределба на хартиите од вредност по групи на Македонска берза АД Скопје бр. 02-1112/1 од 30.06.2011 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кирил Митровски**